**Република Северна Македонија**
**Влада на Република Северна Македонија**
**Центар за Управување со кризи**

**Предмет: ИНФОРМАЦИЈА за состојбите и настаните во Република Северна Македонија за перидот од 08:30 ч. на ден 04.09.2019 г. до 08:30 часот на ден 05.09.2019 г.**

Дел. Бр. 14-10/247
05.09.2019 година

Центар за управување со кризи

Димче Мирчев бр.9
П.ФАХ 372 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3249 101
Факс. (02) 3249 213
Сајт: www.cuk.gov.mk

**Информацијата е изработена според добиените писмени информации од Регионалните центри за управување со кризи, како и информациите од други субјекти кои учествуваат во системот за управување со кризи, во кои се наведуваат состојбите во областите за кои се надлежни.**

**За наведениот период ЦУК ги презентира следните обработени и селектирани информации:**

## 1. ЕЛЕМЕНТАРНИ И ДРУГИ НЕПОГОДИ

### *1.1. Активни пожари*

**РЦУК – Струмица,** известува дека од 13:50 часот има пожар помеѓу **селата Старо Коњарево** и **Дражево** со кој е опожарена сува трева, папрат и прнар на површина од околу 20 хектари. Интервенираат **ТППЕ Струмица** со 8 пожарникари и 2 ПП возила и локално население.

Во **општина Валандово,** од 13:40 часот има шумски пожар на **м.в.Погана – Грчки Врв** кај **с.Грчиште.** Интервенираат **ТППЕ Гевгелија** со 4 пожарникари и 8 лица од **ШС Саланџак – Гевгелија.**

**РЦУК – Велес,** ја пренесува информацијата од **ТППЕ Велес** во која се наведува дека од 13:40 часот има активен пожар кај **с.Долно Оризари** во кој гори нискостеблеста дабова шума, смрека и сува трева. Интервенираат 4 пожарникари на **ТППЕ Велес** со 1 ПП возила и 1 цистерна од **ЈКП Дервен**. Околу 15:45 часот по еднаш интервенирале и авионите на **ДЗС**.

**РЦУК – Тетово,** известува дека во 13:00 часот добиле дојава за пожар помеѓу **селата Желино** и **Лешница.** За ова од страна на **РЦУК Тетово** известени се сите субјекти во **СУК**, а од страна на **ЕВН** побарано е да имаат свои луѓе на терен, поради тоа што во близина на местото има и далекувод и доколку има потреба да интервенираат.

Околу 19:20 часот од старна на **ПС „Лешница“ Тетово** добиена е информација дека пожарот е сеуште активен на површина од над 8.000 м$^2$. Гори сува трева, смрека и нискостеблеста дабова шума. На терен интервенираат 4 вработени од **ШС „Лешница“ Тетово**. Од старна **ДЗС Тетово** била побарана интервенција од воздух, но му било одговорено дека има други приоритетни места за интервенирање, и дека ако се укаже прилика ќе се интервенира од нивна страна и на тој пожар.

***1.2. Останати пожари***

**РЦУК – Скопје,** известува дека **БППЗ на Град Скопје** во периодот од 19:30 до 23:10 часот е интервенирано за гаснење на запалена ниска шума во атарот на **с.Орланци** на неутврдена површина. Интервенирано е со 2 возила и 5 пожарникари (опш.Арачиново).

Во текот на изминатото деноноќие имала и 2 помали интервенции на различни локации во градот и околината. Во 2-та случаи интервенирале со по 1 ПП возило и 3 пожарникари.

**РЦУК – Битола,** известува дека пожарот во **општина Новаци,** во атарот на **селата Брник, Рапеш, Маково, Долно Орехово, Грумази, Паралово** и **Ивени** е локализиран и се работи на негово целосно гаснење. Во текот на ноќта на терен ќе останат екипи поради контрола, а со евентуални интервенции ќе се продолжи во текот на денешниот ден.

**ТППЕ Битола,** со 8 пожарникари и 2 ПП возила, 10 лица од **НП Пелистер – Битола** и 6 лица од месно население, од 14:30 до 15:40 часот гаснеле запалена трева во **с.Ротино.**

Во **општина Крушево,** пожарот кај **с.Алданци,** е локализиран од страна на **ТППЕ Крушево** со 3 пожарникари и **ШС Липа – Крушево** со 2 вработени. Лицата од ШС остануваат на терен.

**ТППЕ Крушево,** со 2 пожарникари и 1 ПП возило, од 09:30 до 11:30 часот гаснеле запалено ѓубре и сува трева околу **градската депонија.**

**ТППЕ Ресен,** од 00:30 до 01:40 часот на ден **04.09.2019 година,** со 2 пожарникари и 1 ПП возило гаснеле запалена сува трева, јаболкници и црева за наводнување во **с.Дрмени.**

**ТППЕ Прилеп,** од 08:05 до 09:05 часот, со 3 пожарникари и 1 ПП возило гаснеле запален оџачки канал во **ресторан „Лав“** во Прилеп.

**РЦУК – Струмица,** известува дека **ТППЕ Струмица,** со 3 пожарникари и 1 ПП возило и 15 вработени во **ЈПКД Комуналец – Струмица** со 3 цистерни и багер, од 12:50 до 15:45 часот интервенирале поради пожар на депонијата кај **с.Добрашинци, м.в.Герман Дол.** Сеуште има слаб чад, но поради контрола останале неколку лица.

Пожарот на **планината Готен** во реонот на ненаселено место **с.Кушкалија, м.в.Железен дол – Брана Турија** (опш.Василево) е локализиран и има мали догорувања, а во текот на утринските часови на терен ќе одат 4 вработени од **ШС „Беласица“ – Струмица** поради контрола. На делот од пожарот во **општина Радовиш** поради контрола и спречување на повторно активирање имало вработени во **ШС Плачковица – Радовиш,** а и за денешниот ден повторно ќе одат.

**РЦУК – Охрид,** известува дека **ТППЕ Охрид** имала една помала интервенција поради запалена сува трева во атарот на **с.Велестово.**

**РЦУК – Велес,** ја пренесува информацијата од **ТППЕ Велес** во која се наведува дека пожарот кај **с.Црквино** е изгаснат околу 19:15 часот на ден **04.09.2019 година**. Интервенирале **ТППЕ Велес** со 15 пожарникари и 3 ПП возила, **ЈКП „Дервен“** со 1 цистерна, како и десетина граѓани од месно население. Опожарена е нискостеблеста дабова шума, смрека и сува трева на површина од околу 400-500 хектари.

**РЦУК – Тетово,** известува дека **ТППЕ Гостивар** имала една помала интервенција поради запалено стрниште во атарот на **с.Здуње.**

**РЦУК – Штип,** известува дека **ТППЕ Штип**, во текот на изминатото деноноќие имала 1 интервенција поради запалена сува трева во атарот на **с.Аргулица**.

**РЦУК – Куманово,** известува дека **ТППЕ Куманово,** во текот на изминатото деноноќие имале две помали интервенции поради запалена сува трева и стрниште бо градот и околината.

## 2. ТЕХНИЧКО – ТЕХНОЛОШКИ КАТАСТРОФИ

### *2.1. Радиолошка, хемиска или биолошка контаминација и загадување на воздухот, водотеците и човековата околина*

Од **Министерството за животна средина** добиено е известување во кое се наведува дека за ден **03.09.2019 година,** сите мерни параметри на Автоматските мониторинг станици за квалитет на амбиентниот воздух се во рамките на граничните вредности.

## 3. НАРУШУВАЊЕ НА РЕДОВНИТЕ СОСТОЈБИ ВО КОМУНАЛНАТА СФЕРА, СООБРАЌАЈОТ И ПРИ ПРОБЛЕМИ ВО СНАБДУВАЊЕТО СО ЖИВОТНИ НАМИРНИЦИ И МАТЕРИЈАЛНИ ДОБРА

### *3.1. Водоснабдување*

**РЦУК – Скопје,** ја пренесува информацијата од **ЈП Водовод и канализација** во која се наведува дека поради во текот на изминатото деноноќие бележат следните прекини: Поради дефект на водоводна цевка Ф – 2 цола на **ул.Тодор Чангов крак 2** во **нас.Лисиче,** од 08:25 до 13:30 часот, без вода биле корисниците од истиот крак на истата улица (опш.Аеродром); Поради дефект на водоводна цевка Ф – 80 мм во **нас.Долно Лисиче** (пред Месната заедница), од 08:55 до 12:40 часот, без вода биле корисниците од

истата населба (опш.Аеродром); Поради дефект на водоводна мрежа Ф – 80 мм на **ул.7 бр.5** во **с.Батинци,** од 10:00 до 11:20 часот, без вода биле корисниците од дел од истото село (опш.Студеничани); Поради дефект на водоводна цевка Ф – 400 мм на **ул.Шарпланинска,** од 12:00 до 18Ч00 часот без вода биле корисниците од **пумпната станица во Новоселски Пат, населбите Даме Груев, Кисела Јабука и Стопански Двор** и **селата Орман** и **Волково** (опш.Ѓорче Петров); Поради дефект на водоводна цевка Ф – 300 мм на **ул.Никола Карев,** од 18:30 до 20:00 часот без вода биле корисниците од **истата улица** и од **улиците Цицо Поповиќ** и **Страшо Пинџур,** дел од **нас.Пролет** и **ул.3та Македонска Бригада** (опш.Центар).

**РЦУК – Битола,** ја пренесува информацијата од **ЈКП Водовод и канализација – Прилеп,** во која се наведува дека поради интервенирање на дефекти на водоводната мрежа, од 08:00 до 14:00 часот, без вода биле корисниците од **улиците Дабничка** и **Партизански одреди, Касарната „Мирче Ацев“** и **реон Бунари.**

**РЦУК – Велес,** ја пренесува информацијата од **ЈКП „Дервен“ Велес** во која се наведува дека поради замена на вентили без вода во траење од 1 до 2 часа биле корисниците од **улиците Јовче Ципунов** и **Кирил Пејчиновиќ.**

**РЦУК – Охрид,** ја пренесува информацијата од **ЈКП Стандард Дебар** во која се наведува дека од 13:00 до 16:00 часот во **градот Дебар** има рестрикции во водоснабдувањето.

**РЦУК – Куманово,** ја пренесува информацијата од **ЈП „Водовод и канализација“ Куманово** во која се наведува дека во текот на денот интервенирале на дефекти на водоводната мрежа на **улиците д-р.Младен Стојановиќ, Бошко Буха, Милан Зечар, Бајрам Шабани, Биљановска, Франц Розман, Киро Антевски, Драгојло Диндиќ** и **Срећко Пужаљка** и истите се санирани.

Од **ЈКП „Чист Ден“ Ранковце** известува дека поради сушните периоди, а воедно и зголемената потрошувачка на вода во неколку села има рестрикција на вода поради недостиг. Недостигот на вода се јавува поради намалената издашност на планинаските извори и бунарите за снабдување со вода и зголемената потрошувачка од страна на граѓаните. Од **01.08.2019 година** рестрикција во водоснабдувањето има во **селата Радибуш, Отошница, Петралица** и **Псача.** Се бара возило и садови за вода за да може да се врши дотур на вода за пиење до домаќинствата.

*3.2. Електроснабдување*

ЕВН Македонија известува дека поради планирани зафати на електро дистрибутивната мрежа на ден 06.09.2019 година без електрична енергија ќе останат:

- Од 09:00 до 12:00 часот, корисниците од бул.Партизански Одреди бр.153 (опш.Карпош – Скопје);
- Од 10:00 до 14:00 часот, корисниците дел од с.Стар Караорман (опш.Штип);
- Од 08:30 до 12:00 часот, корисниците од дел од нас.Карпош, Никуљски Пат и Карпош гробишта (опш.Куманово);
- Од 09:00 до 11:00 часот, детската градинка Тетекс и објеките околу градинката на ул.Браќа Миладинови; Од 09:00 до 16:00 часот, корисниците од дел од с.Долни Челопек; Од 11:00 до 13:00 часот, корисниците од дел од улиците К.Р.Дрнц, Гостиварска, Боро Вулиќ кај бензинска пумпа, Илинденска кај бензинска пумпа и Александар Стојановиќ кон бензинска пумпа (опш.Тетово);
- Од 09:00 до 11:00 часот, корисниците од ул.Александар Синѓер и дел од корисниците кои се наоѓаат кај новиот кружен на бул.Гевгелија, од улиците Кукушка и Ристо Јанев и делот накај Турски гробишта; Од 09:30 до 13:00 часот, корисниците од с.Удово над бензинска, Горна маала Јосифово, Бензинска Макпетрол Удово и фирмите Боби Еуропласт, Денмарк и Вардарец (опш.Гевгелија);
- Од 09:15 до 14:00 часот, корисниците од селата Добромири, Долно и Горно Агларци, Далбеговци, Дедебалци, Будаково, Трап, Путурус, Алинци, Мусинци, Црничани, Маково, Орле, Рапеш, Арматуш, Мегленци и Долно Ореово и ОНЕ – Космофон (опш.Битола);
- Од 08:00 до 16:00 часот, корисниците од селата Бела Вода, Дренак – м.в.Калини Камен, Станци, Бс и Дурачка Река – Ќусино; Од 09:30 до 12:30 часот, Граничен премин Деве Баир и Терминал Деве Баир (опш.Крива Паланка);
- Од 09:00 до 14:30 часот, корисниците од улиците Енгелсова, Марксова и Дојранска (опш.Неготино);
- Од 07:00 до 09:30 часот, корисниците од улиците АСНОМ, Моша Пијаде и Васа Кошилчева; Од 09:00 до 14:00 часот, корисниците од улиците Ордан Цинот и Стефан Богоев (опш.Велес);
- Од 08:30 до 15:30 часот, корисниците од селата Близанци и Луково (опш.Кратово);
- Од 09:00 до 16:30 часот, корисниците од дел од с.Гарани (опш.Кичево);

- **Од 09:00 до 14:00 часот, корисниците од селата Рајчани, Нивичани, Пантелеј, Бели и Бања и дел од с.Тркање (опш.Кочани);**
- **Од 09:30 до 14:00 часот, корисниците од с.Рожден (опш.Кавадарци);**
- **Од 09:30 до 14:30 часот, корисниците од дел од улиците Острец и Илинденска (опш.Делчево);**
- **Од 10:00 до 13:00 часот, корисниците од улиците Димитар Влахов, Ѓуро Салај, Задарска, Димитар Туцовиќ и Крушевска Република и дел од улиците Боридс Кидриќ и Ѓуро Ѓаковиќ (опш.Берово);**
- **Од 09:00 до 13:00 часот, корисниците од ул.Слободан Пепоски (опш.Гостивар).**

***3.3. Производство на електрична енергија***

**РЦУК – Битола,** ја пренесува информацијата од **РЕК – Битола** во која се наведува дека **ТЕ – 1** е во застој, **ТЕ – 2** работел со снага од 195 MW и **ТЕ – 3** работел со снага од 181 MW.

**РЦУК – Охрид,** известува дека **ХЕЦ Глобочица** има произведено 401.000 квч електрична енергија.

**РЦУК – Тетово,** ја пренесува информацијата од **ЕЛЕМ ХЕЦ Маврово“** во која се наведува дека **ХЕЦ Врбен** произвела 11.687 квч електрична енергија.

***3.4. Нарушување на сообраќајот***

Во извештајот добиен од **АМСМ** во **06:15** часот на ден **05.09.2019 година** се наведува дека сообраќајот на државните патишта се одвива по суви коловози.

Интензитетот на сообраќај на патните правци надвор од градските средини е зголемен.. На граничните премини, од македонска страна, нема подолги задржувања за влез и излез од државата.

**АМСМ** известува и дека на неколку места низ државата се изведуваат градежни работи на пат, каде е поставена соодветна сообраќајна сигнализација.

**РЦУК – Скопје,** ја пренесува информацијата од **Македонски Железници** известуваат дека поради високите температури во периодот од 12:00 до 19:00 часот, има ограничување на максималната брзина на движење на возовите на **50 км/h.**

**РЦУК – Куманово,** известува дека од 09:00 до 16:00 часот поради рехабилитација на **регионален патен правец с.Луке - с.Киселица – опш.Крива Паланка**, истиот е забранет за сообраќај.

## 4. ОСТАНАТИ ИЗВЕСТУВАЊА

### *4.1. Управа за хидрометеоролошки работи – временска прогноза*

Од **УХМР** известуваат дека денес времето ќе биде сончево со мала до умерена локална облачност. Ќе дува слаб ветер од променлив правец.

Во петок и за време на викендот претежно во попладневните часови, времето ќе биде нестабилно облачно со пороен дожд, грмежи и засилен ветер, а локално процесите ќе бидат поинтензивни.

### *4.2. Институт за трасфузиологија*

**РЦУК – Скопје,** ја пренесува информацијата од **Институтот за трансфузиона медицина на Република Македонија** во која се наведува дека на ден **05.09.2019 година** планирани се крводарителни акции во Музеј на Р.С.Македонија и со жителите на **Делчево** и с.Росоман **– Кавадарци.**

### *4.3. Минирања*

**МАКТЕК Дооел** известува дека на ден **05.09.2019 година,** во периодот од 08:00 до 19:00 часот, за потребите на компанијата „Рибник Маловиште Дооел", ќе извршат минирање на локалитетот **с.Маловиште КП бр.4 КО Маловиште парцела бр.1.**

**РЦУК – Скопје,** ја пренесува информацијата од **Рудници Бањани** во која се наведува дека до крајот на неделата, во работните денови, ќе извршат минирања во периодите помеѓу **09:00 – 10:00 часот,** како и помеѓу **12:00 – 14:00 часот.**

**МАК-ДРИЛ Кавадарци** известува дека на ден **06.09.2019 година,** во периодот од 11:00 до 15:00 часот, на **каменоломот Говрлево**, сопственост на **Цементарницата Усје**, ќе извршат минирање**.**

### *4.4. Останато*

**РЦУК – Скопје,** ја пренесува информацијата од **Град Скопје** – **Сектор за комунални работи,** во која се наведува дека **авионската дезинсекција** на подрачјето на градот Скопје, против **возрасни форми на комарци**, ќе се одвива на **05.09** и **06.09.2019 година,** во раните утрински часови.

**Терестичната дезинсекција** на подрачјето на Град Скопје, против **возрасни форми на комарци**, ќе започне на **10.09.2019 година** и ќе заврши најдоцна до **14.09.2019 година,** во период од 23:00 до 04:00 часот, наредниот ден.

Доколку временските услови не го дозволуваат вршењето на дезинсекцијата, авионската дезинсекција ќе се изврши првиот

нареден ден, кога временските услови ќе бидат поволни, во истиот термин, а согласно на тоа ќе се извршува и терестичната дезинсекција.

**РЦУК – Битола,** ја пренесува информацијата од **ЦЈЗ Прилеп** во која се наведува дека на ден **04/05/06.09.2019 година,** во периодот од 05:00 до 11:00 часот, на територијата на **опш.Прилеп**, ќе ја спроведат третата фаза од ларвицидната теристичка (од земја) дезинсекција со цел уништување на ларвените форми на комарци. Со дезинсекцијата ќе бидат опфатени водени површини т.е.места каде има идеални услови за раст, развој и размножување на комарците, како што се фонтаните, мини езерца, одводни канали, блата и мочуришта, комплетно течение на **Градска Река, Дабнички канал, Селечка река, област маркова чешма, област Поводеници, Вештачко езеро, Волковски езерца, област Ѓумушица, Сарика како и водени површини во населените места Беровци, Кадино село, Галичани, Чепигово, Тројкрсти** и **Мало и Големо Коњари**.

**Оперативен центар на Центарот за управување со кризи на Р.Македонија, телефон 02/3249-211, 02/3249-212; факс: 02/3249-213, 02/3136-226; e-mail: situacionen.centar@cuk.gov.mk**

**Информацијата е изработена врз основа на:** Информација од РЦУК Скопје бр.218 од 06.08.2019; Информација од РЦУК Битола бр.16-3/245-5 од 04.09.2019 со Податоци за состојба со водите; Информација од РЦУК Струмица бр.16-3/544 од 04.09.2019 со Податоци за состојба со водите; Информација од РЦУК Охрид бр.16-3/298 од 04.09.2019 со Податоци за состојба со водите; Информација од РЦУК Велес бр.16-01/247 од 04.09.2019 со Податоци за состојба со водите; Информација од РЦУК Штип бр.16-3/245 од 04.09.2019; Информација од РЦУК Куманово бр.16-3/353 од 04.09.2019 со Податоци за состојба со водите; Информација од РЦУК Тетово бр.17-272 од 04.09.2019; Известување за минирање од МАКТЕК Дооел од 04.09.2019; Информација од МЖСПП од 04.09.2019; Најава за планирани прекини од ЕВН од 04.09.2019; Временска прогноза и Информација од УХМР од 04.09.2019; Известувања од АМСМ од 04.09.2019.

**Подготвил:** Томислав Пуреовски
**Прегледал:** Петре Наков

**ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ**
**СО КРИЗИ**
**Оперативен дежурен центар**

**Доставено до:**

1. Претседател на Република Северна Македонија
   **Кабинет на Претседателот**
2. Влада на Република Северна Македонија
   **Кабинет на Премиерот**
   **Генерален секретар**
3. Министерство за внатрешни работи

**Кабинет на Министерот**
**ДОЦ на МВР**
4. Министерство за надворешни работи
**Кабинет на Министерот**
5. **Агенција за Разузнување**
6. Министерство за одбрана
**Кабинет на Министерот**
**ОЦ на ГШ на АРМ**
7. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
**Кабинет на Министерот**
**Агенција за храна и ветеринарство**
**Управа за хидрометеоролошки работи**
8. Министерство за здравство
**Кабинет на Министерот**
9. Министерство за животна средина и просторно планирање
**Кабинет на Министерот**
10. Министерство за транспорт и врски
**Кабинет на Министерот**
**Агенција за државни патишта**
11. Министерство за образование
**Кабинет на Министерот**
12. Дирекција за заштита и спасување
13. ЈП „Македонски шуми“
14. Државен инспекторат за шумарство и ловство
15. ЕВН
16. Црвен крст на РМ
17. АМСМ
18. Мисија на ОБСЕ
19. Амбасада на САД
20. Амбасада на Р.Франција
21. Обединети нации (UNDSS)
22. Светска здравствена организација
23. ПК на Совет на Европа Скопје
24. Македонија Пат
25. Корисници во ЦУК (по посебен список)
26. Архива